Врз основа на чл.59 ст.1 т.е) од Законот за медијација (Сл.в.на РМ бр.188/13, 148/15, 192/15 и 55/16), Одборот за обезбедување,следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата, на 18-тата /осумнаесеттата/ седница одржана на ден 14.12.2018 година, ја усвои следната

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Бр. 24-5828/1
24.12.2018 год.

**Методологија за мониторинг и евалуација**
**на квалитетот на работењето на медијатори, обучувачи на медијатори и спроведување на акредитирани програми за обука на медијатори**

член 1

Методологија ги уредува работите во врска со мониторингот и евалуацијата на квалитетот на работењето на:

1.Медијатори,
2.Обучувачи на медијатори и
3.Спроведување на акредитираните програми за обука на медијатори.

член 2

Следењето и оценувањето на квалитетот на работењето на медијаторите, обучувачите на медијатори и акредитираните програми за обука на медијатори е основ за креирање политика на развој и поддршка на медијацијата во Република Македонија и основ за валидност на извршување на медијаторски работи.

**Начини на оценување на квалитетот од страна на членовите на Одборот**

член 3

Оценување на квалитетот на работењето на медијаторите, обучувачите на медијатори и акредитираните програми, од страна на Одборот се врши согласно квалитативни и квантитативни индикатори утврдени во листи за следење на работењето, кои се прилог кон оваа Методологија.

**Евалуација на квалитетот на работењето на медијаторите**

член 4

Евалуацијата на квалитетот на работењето на медијаторите, се врши преку континуирано следење на работата на медијаторите и нивно редовно и вонредно оценување.

Редовно оценување се врши еднаш на две години, а за годините кои претходеле на тековната година во која се врши евалуацијата на работата на медијаторите/ обучувачите.

Вонредно оценување се врши по потреба (претставка, укажување, измени во законската регулатива и сл.).

член 5

Оценувањето на работата на медијаторите се врши по ред, според извршениот упис на медијаторите во Именикот на медијатори кој го води Комората на медијатори на Република Македонија.

член 6

За оценувањето на работата на медијаторите, Одборот е должен претходно да го извести медијаторот и тоа најмалку еден месец за точниот датум и термин на контролата.

**Евалуација и оценување на квалитетот на работењето на обучувачи на медијатори**

член 7

Евалуацијата и оценување на квалитетот на работењето на обучувачите на медијатори, се врши преку континуирано следење на нивната работа, по спроведување на обуките за кои се

ангажирани како обучувачи, предвид доставениот извештај за спроведена обука со прилог евалуативни листи пополнети од кандидатите кои ги следеле нивните предавања за време на обуката.

**Евалуација и оценување на квалитетот на спроведување на акредитирани програми за обука на медијатори**

член 8

Евалуацијата и оценување на квалитетот на спроведувањето на акредитираните програми за обука на медијатори, се врши преку континуирано следење на работата на акредитираниот субјект, по спроведување на обуките за кои има добиено акредитација

**Оценување на квалитетот на медијаторот, обучувачот на медијатори и акредитираната програма**

**Постапка на оценување**

член 9

Медијаторот, обучувачот на медијатори и субјектот кому е издадена акредитација за спроведување обука за медијатор, може да бидат оценети со следните оцени:

- ,,задоволително"
- ,,доволно" и
- ,незадоволително".

За извршеното оценување се изготвува Записник од страна на Одборот кој задолжително по извршената евалуација го потпишуваат членовите на Одборот кои биле присутни на евалуација и медијаторот чија работа се евалуира .

Доколку медијаторот добие укажување за подобрување или исправка при извршување медијаторски работи, истото треба да се внесе и во записникот.

Медијаторот на кого му е упатена забелешка од ст. 3 на овој член, должен е да постапи веднаш по укажувањето и да достави известување до Одборот дека постапил според укажувањето во рок од 30 дена.

Ако медијаторот одбие да го потпише записникот, Одборот тоа го констатира на записник и ја наведува причината зошто не е ставен потпис на медијаторот

Ако медијаторот не постапи по укажувањето за работењето во рок од 30 дена, или не достави писмено известување, ваквото постапување ќе претставува основ/индикатор за добивање оценка од Одборот.

За извршеното оценување се изготвува писмен извештај кој се доставува до медијаторот и обучувачот на медијатори, со наведување на оценката

член 10

Медијаторот кој е запишан во Именикот на медијатори, односно обучувачот на медијатори запишан во Регистарот за обучувачи, должен е да обезбеди услови за следење и евалуирање на неговата работа за потребите на спроведувањето на контролата од страна на Одборот, согласно Законот за Медијација и оваа Методологија.

Одбивањето на давање информации за Одборот за потребите на следење и оценување на работата на медијаторите / обучувачите на медијатори, како и давањето информации кои не кореспондираат со неговата работа согласно Регистарот за евиденција на предмети на медијација во Министерството за Правда, претставува основ за добивање оценка ,,незадоволително,, .

член 11

Доколку медијаторот / обучувачот на медијатори за кого е извршена евалуација на работењето е оценет со оценка ,,незадоволително,, последователно два пати, односно три пати во тек на пет/осум години, Одборот му ја одзема лиценцата.

Доколку медијаторот/обучувачот на медијатори е оценет со оценка ,,незадоволително,, поради причините од чл.10 ст.2 од Методологијата, Одборот му ја одзема лиценцата за работа,

Доколку медијаторот е оценет со оценка ,,доволно,, два пати едноподруго или три пати во рок од осум години, Одборот може да му забрани да извршува медијаторски работи во траење од 3 /три/ до 6 /шест/ месеци.

**Критериуми за следење и оценување на квалитетот на работите од медијацијата**

**Медијатор**

Член 12

Следење и оценување на квалитетот на медијаторот се врши врз основа на следните индикатори:

- почитување на Етички Кодекс на медијатори,
- дали уредно ги извршува медијаторските работи согласно ЗМ, подзаконски акти и акти на Комората на Медијатори на РМ,
- дали дозволува проследување на постапки за медијација на лица-заинтересирани кандидати за полагање на испит за медијатор и
- Само-оценување на медијаторот (Образец-Прашалник за самооценка, во прилог), како и
- квантитативни показатели.

**Обучувачи на медијатори**

Член 13

Следење и оценување на квалитетот на обучувачи за медијатори се врши врз основа на следните индикатори:

-евалуација на спроведените обуки од страна на обучувачот.

Евалуацијата ја прават учесниците во обуката за медијатори.

**Акредитирана Програма за обука на медијатори**

член 14

Следење и оценување на квалитетот на акредитираната програма за обука на медијатори се врши врз основа на следните индикатори:

-евалуација од страна на учесниците вклучени во обуката, и

-дали се придржува на содржината на акредитираната Програма за обука од страна на Одборот.

**Следење и оценување на работата на медијаторите**

Член 15

Следењето и оценувањето на работата на медијаторите се врши според следните критериуми (Образец:Листа за следење и оценување на работата на медијаторите во прилог):

1.Примени барања во работа, за спроведување на медијација (број, начин на доставување до медијаторот, означување, пропратни документи, процесуирање и сл.).

2.Лица кои поднесуваат барање за спроведување медијација (физички лица / правни лица, начин на идентификација, начин на застапување и сл.).

3.Дали медијацијата е иницирана доброволно или поради пропишан задолжителен обид за медијација според закон или договор.

4.Дали медијацијата е започната пред поведување судска постапка или по поведена судска постапка ( со барање или по донесено решение од надлежен суд за запрена постапка поради упатување на решавање на спорот со медијација).

5.Начин на комуникација на медијаторот со заинтересираните страни (адреса за кореспонденција, канцелариски простор, користење печат / штембил, време на обавување на дејноста на медијаторот и сл.).

6.Видови на спорови во медијација за кои е поднесено барање до медијаторот (облигациони односи, работни спорови, кривична постапка, постапка со малолетници, потрошувачки спорови и сл.).

7.Број на постигнати спогодби во медијација (солемнизирани/несолемнизирани и дали се пријавени во Регистарот за евидентирање на постапки во МП).

8.Број на постапки во кои се започнало со преговори но не дошло до спогодување (отстапување, престан на правно лице, смрт на физичко лице, истек на рок за спроведување медијација и сл. за кои медијаторот издал изјава, дали се пријавени во Регистарот за евиденција на предмети на медијација во МП) по чл.20 ст.1 т.3 4.5 и 6 и ст.2 од истата одредба од ЗМ.

9. Број на постапки за кои е направен обид за медијација, но не е покажан интерес на поканетата страна во медијација, или медијаторот смета дека водењето постапка е нецелисходно, за кои издал изјава, по член 20 ст.1 т.2 од ЗМ (и дали се пријавени овие случаи во МП за евиденција во Регистарот за евидентирање на предмети на медијација).

10.Број на постапки за кои медијаторот не издал изјава односно спогодба , со наведување на причина (не изготвил спогодба бидејќи ја изработил адвокат или страната, сметал дека не треба ништо да издаде и сл.).

11.Писмена за спроведени дејствија кои ги изработува медијаторот (покана известување, договор, трошковник, изјави за согласност, пропратни писма и сл.).

12.Број на постапки кои медијаторот ги спровел согласно чл.25 ст.6 од ЗМ (бесплатно).

13.Начин на плаќање на трошоците (пред започнувањето преговори како депозит, по завршувањето на медијацијата, приложени докази, дали се издава трошковник или фактура и сл.).

14.Субвенционирање (дали се искористени субвенции за покривање на дел од трошоците по чл.28 од ЗМ, поднесени барања до МП, одбиени барања и сл.).

15.Ко-медијација (дали медијаторот учествувал во постапка на медијација како ко-медијатор и инфо за тие постапки).

16. Дали поседува полиса за осигурување и дали навремено ја обновува

член 16

Критериумите и начините за оценување на квалитетот, следење и оценување на работењето на медијаторите, обучувачите на медијатори и спроведување на акредитирани програми за обука на медијатори може да се менуваат и надополнуваат од страна на Одборот, во согласност со добрите практики од областа на медијација, како и со промена на законската регулатива.

Претседател на Одбор

---

Проф. Д-р Марко Андонов

## НАЧИНИ НА ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ОД СТРАНА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ОДБОРОТ

Пополнете ја табелата со штиклирање на соодветната опција, односно начините што г користевте во оценување на квалитетот на медијацијата.

| Да | Не | Дата | Начини на оценуван на квалитетот на работата од областа на медијација, од страна на членовитє на Одборот: |
|---|---|---|---|
| | | | Интервју со медијатори |
| | | | Теренски посети на Обуки од акредитирани програми за медијација |
| | | | Интервју со спроведувачи на акредитирани програми за обука |
| | | | Поднесена претстав укажување и сл. |
| | | | Прашалник за самооценка на медијаторот |
| | | | Листа за следење оценување работата медијаторите |
| | | | Евалуација на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | прашалници за самооценка на медијатори |
| | | | Полиса за осигурување со период на покритие |
| | | | Други наоди |

## ЛИСТА НА ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА МЕДИЈАТОРОТ

Пополнете ја табелата со штиклирање на индикаторите во соодветното поле (да, не, друго). Доколку имате дополнителни сознанија од посетата на терен или воденото интервју со медијаторот, запишете ги описно во делот Забелешка.

| **А. Индикатори за квалитетот на работата на Медијаторот:** | Да | Не | Друго |
|---|---|---|---|
| Почитување на Етички Кодекс на медијатори | | | |
| Дали пријавува постапување во предмети кои му се доверени во Регистерот за евидентирање медијација и кој го води МП | | | |
| Дали води индивидуален Регистар на предмети по кои постапува | | | |
| Дали ги почитува актите и правилниците на КМРМ (плаќање членарина, присуство на седници на Собрание/органи за управување и сл.) | | | |
| Забелешка: | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Б. Континуиран професионален развој на Медијаторот** | Да | Не | Друг о |
| Дали дозволува проследување на постапки за медијација на лица-заинтересирани кандидати за полагање на испит? | | | |
| Само-оценување - дали се евалуира себеси во однос на квалитет и ефикасност на постапките што ги води? | | | |
| Забелешка: | | | |

**ЛИСТА НА ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА АКРЕДИТИРАНАТА ПРОГРАМА ЗА ОБУКА ЗА МЕДИЈАТОР**

Пополнете ја табелата со штиклирање на индикаторите во соодветното поле (да, не, друго). Доколку имате дополнителни сознанија од посетата на терен или воденото интервју со соодветното лице, запишете ги описно во делот Забелешка.

| **Индикатори за квалитетот на акредитираната Програма за обука за медијатор:** | Да | Не | Друг о |
|---|---|---|---|
| Евалуација од страна на учесниците вклучени во обуката | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дали се придржува на содржината на акредитираната Програма за обука од страна на Одборот | | | |
| Забелешка: | | | |

## ЛИСТА ЗА СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА МЕДИЈАТОРИТЕ

Пополнете ја табелата со опис на индикаторите во соодветното поле. Доколку имате дополнителни сознанија од посетата на терен или воденото интервју со соодветното лице запишете во делот Забелешка.

| **Индикатори за следење и оценување на работата на медијатори :** | **Опис** |
|---|---|
| Примени барања во работа (број на примени барања, начин на доставување до медијаторот и др.) | |
| Лица кои поднесуваат барање за спроведување на медијација (физички/правни лица, начин на идентификација, начин на застапување, и др.) | |
| Начин на иницирање на медијација-доброволно, поради пропишан задолжителен обид за медијација според закон или договор | |
| Време кога е започната медијацијата: пред поведување на судската постапка или по поведена судска постапка-со барање или по донесено решение од надлежен суд за запрена постапка поради упатување на решавање на спорот со медијација | |
| Начин на комуникација на медијаторот со странките (адреса за коресподенција, канцелариски простор, користење на печат, штембил, време на вршење на дејноста на медијаторот и др.) | |
| Видови на спорови во медијација (облигациони односи, работни спорови, кривична постапка, постапка за малолетници, потрошувачки спорови, и др.)<br>Број на постигнати спогодби во медијација и | |

| | |
|---|---|
| Број на пријавени постапки во Регистар за евидентирање на постапки во МП | |
| Број на постапки со кои се започнало со преговори но не дошло до спогодување | |
| Број на постапки за кои е направен обид за медијација но не е покажан интерес на поканетата страна за медијација, или медијаторот е на мислење дека е нецелисходно водењето на постапката за што дал изјава | |
| Број на постапки за кои медијаторот не дал изјава односно спогодба | |
| Писмен документ за спроведени дејствија кои ги изработува медијаторот (покана, известување, договор, трошковник, изјави и др.) | |
| Број на постапки кои медијаторот ги спровел | |
| Начин на плаќање на трошоците (пред започнување на преговори како депозит, по завршување на медијацијата, приложени докази, дали се издава трошковник или фактура и др.) | |
| Субвенционирање (дали се искористени субвенции за покривање на дел од трошоците, поднесени барања до МП, одбиени барања и др.) | |
| Ко-медијација (дали медијаторот учествувал во постапка на медијација како ко-медијатор и инфо за тие постапки) | |
| Договор за осигурување и дали редовно го обновува ? (дали има прекин или не. Доколку има период со прекин на покритието за осигурување , дали постапувал во тој период во предмети на медијација) | |
| Забелешка: | |

## Прашалник за самооценка на медијаторот

| Број на упис во Именик на медијатори: | Медијатор: | Дата: |
|---|---|---|
| | | |

**Вештини на медијаторот:**
- Овозможување на средина погодна за медијација.
- Поттикнување на заедничка комуникација и интеракција кај странките.

| Многу добар | Добар | Недоволен |
|---|---|---|
| | | |

**Водење на постапката:**
- Воспоставување и одржување на уредна и ефективна медијаторска работа.
- Правилно водење на сите фази на постапката.

| Многу добар | Добар | Недоволен |
|---|---|---|
| | | |

**Олеснување на постигнување на компромисно решение:**
- Помагање на страните да креираат можни и прифатливи опции за приближување до спогодбено решение на спорови.
- Активно ангажирање на медијаторот за започнување на преговори.
- Дали ги насочува правилно страните кои запонале со преговорање кон дефинирање на заедничкиот интерес.

| Многу добар | Добар | Недоволен |
|---|---|---|
| | | |

Забелешки: ________________________________________
________________________________________
________________________________________
________________________________________

**Податоци за само-оценувачот:**
Име/Назив:____________________ Презиме____________________
Адреса за кореспонденција:________________
Лиценца бр.________________
Потпис ________________